# ИЗВЕШТАЈ
## за реализирани активности по Програмата за култура за 2022 година

Во периодот од 01.01.-31.12.2022 година , Одделението за јавни дејности економски развој и информатичка технологија при Општина Крива Паланка ја имплементира Програмата за култура за 2022 година.Позначајни активности имплементирани од оваа област, а кои се во согласност со Програмата се:

**Одбележување на празникот Бадник**
Празникот беше одбележан на централниот градски плоштад во духот на христијанската традиција со звукот на коледарчињата со традиционални коледарски песни, со осветени лепчиња со паричка, делење на топла ракија и чај и бадникови гранчиња.

**Богојавление -Водици**
По осветување на водите во Крива Река и фрлањето на крстот на градскиот плоштад беше организирана пригодна манифестација, беа подготвени пивтии и топли напитоци а атмосефрата беше надополнета со македонска народна музика.

**Поклонение на Св.Теодор Тирон –Тодорица**
Манифестацијата се одржа на 13 –ти март во црквата „Свети Теодор Тирон“ во село Конопница, ден после верскиот празник Тодорова сабота. На културната манифестација учествуваа три невести со своите свекрви облечени во традиционалните народни носии, а манифестацијата беше проследена и со придружни културни активности.

**Ден на шегата-1ви април**
Беше одбележан денот на шегата -1ви Април на градскиот плоштад со дефиле и преставување на маските од страна на маскираните ученици од одделенката настава на ООУ „Јоаким Крчовски“ и ООУ „Илинден“ како и дечињата од детската градинка Детелинка.

**Велигденска традиција**
Манифестацијата „Велигденска традиција 2022“ се одржа на ден 26 април пред платото на ЛУ Градски музеј Крива Паланка, во организација на локалната установа Градски музеј и општина Крива Паланка. Манифестацијата беше од натпреварувачи карактер, а во неа учествуваа ученици од основните училишта од градот, средното општинско училиште, детската градинка „Детелинка“, штитеници од Дневниот центар како и голем број граѓани од сите возрасти.

**„Рапеано симитче“ Детски фестивал**
Детскиот фестивал „Рапеано симитче“ се одржа во месец ноември во Центарот за култура Крива Паланка, под покровителство на општина Крива Паланка, со подршка од Министерство за култура.

**Краиште 2022**
Манифестацијата „Краиште 2022“ се одржа традиционално на месноста Голеш на тромеѓето на Р.Македонија, Р.Србија и Р. Бугарија на големиот христијански празник - Петровден во организација на општина Крива Паланка и општина Босилеград од Р. Србија и истата беше проследена со богата програма на културно уметничките друштва и фолклорни ансамбли од двете општини.

**Кривопаланечко Културно лето**

„Кривопаланечкото културно лето“ беше проследено со културни содржини од музичко сценски, драмски, поетски и ликовен карактер.

Во рамките на „Кривопаланечкото културно лето“ во периодот од 20 јуни до 20 август беа организирани повеќе манифестации и тоа: Меѓународната ликовна колонија, Детски фолклорен фестивал „Паланечка тројка“, „Концерт „Здивот на вечната љубов“, Вечер на Осоговски песни 2022, Фолклорен концерт на КУЗ„Фолклористи“ Крива Паланка, Концерт на КУЗ „Карпош“ по повод 50 години постоење, Лирски треперења – меѓународна поетска манифестација и музички вечери од познати музички бендови.

Во периодот од 24-ти до 28-ми Август на Градскиот плоштд во Крива Паланка во рамките на манифестацијата „Кривопаланечко културно лето 2022“ од страна на општина Крива Паланка, беа организирани музичко –сценски и концертни активности и тоа: Интернационален Фолклорен фестивал Св.Јоаким Осоговски (24,25,и 26 август ) и Музички фестивал „Џои Фест 2022“ (27-28 август).

**Меѓународен театарски фестивал Св.Јоаким Осоговски**

Во периодот од 26 октомври до 06 ноември се одржа 14-то по ред издание на „Меѓународниот театарски фестивал Св.Јоаким Осоговски“. Лауреат на „Меѓународниот театарски фестивал С.Јоаким Осоговски“ за 2022 година беше Драган Спасов-Дац.Во рамки на театарот беше одржан настанот „ГИГА ФЕСТ“ организиран во чест на младиот кривопаланчанец деец м-р Глигор Цветковски.

На фестивалот се играа 7 театарски претстави (Уметничка работилница – Призор Белград,Лидија Вукичевиќ/Сашо Ристовски/Семир Гициќ, НУЦК НТ Трајко Прокопиев Куманово,Театар „Првокација“ Скопје, Народен театар Стерија Вршац,Р.Србија и Драмско студио СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка). Претставите се одиграа во салата при НУЦК Крива Паланка.

**8-ми Октомври –празник на градот**

Празнувањето на денот на градот се одбележа со полагање на свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци од НОБ , пред општинската зграда од страна на бројни делегации и организации, институции и пријатели на општината. Исто така од страна на Батаљонот за почести , единица гарда од Армијата на Република Северна Македонија беше изведена посебна вежба.Во склоп на оваа активност беше одржана Свечената академија во НУ Центар за култура Крива Паланка на која беа доделени највисоките општински награди и признанија за 2022 година.

**Новогодишен базар**

Во периодот од 27- 31 декември општината организираше Новогодишен базар 2022 со многу музички концерти,настапи на детски изведувачи, жонглери и свечено пристигнување на Дедо Мраз на централниот градски плоштад на самиот ден пред Нова Година со соодветна програма. Програмата на новогодишниот базар која траеше пет дена опфаќаше содржини за сите генерации како предновогодишен подарок за сите жители на градот и сите посетители.

Вкупно потрошени средства за реализација на активностите по Програмата за култура за 2022 година изнесува:3.755.114,00 денари.

Одделение за јавни дејности, економски развој
и информатичка технологија